Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 18.12.2016
| Единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 6515 | 1 | |
во 12:57

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, бр.10-6494/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

# П Р Е Д Л О Г
## за неизрекување мерка

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, бр.10-6494/1 од 16.12.2016 година, емитуван во периодот од 1 до 9 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и став 2, и член 75-а став 1 точка б и став 2, член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, бр.10-6494/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

## О б р а з л о ж е н и е

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 16.12.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, бр.10-6494/1 од 16.12.2016 година, емитуван во периодот од 1 до 9 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6494/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека во извештајниот период од 1 до 9 декември 2016 година, односно во вторите 9 дена од изборната кампања, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, не е регистрирано издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг во согласност со Методологијата, поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ________________
2. Слаѓана Димишкова ________________
3. Љубомир Костовски ________________
4. Горан Трпеноски ________________
5. Цветин Чилиманов ________________